ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКИ, по скратена постапка

Скопје, август 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 13. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4453/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за решавање банки, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
[illegible]
[illegible]
Јане Мицевски
Тони Јаревски
Иванка Василевска
Драгана Бојовска

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за решавање банки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.209/23) се уредуваат правилата, постапката и инструментите за решавање, овластувањата и одговорностите на Народната банка на Република Северна Македонија како орган за решавање и овластувањата и одговорностите на други органи и лица во врска со решавањето и основањето, финансирањето, користењето средства и управувањето со Фондот за решавање банки. Овој Закон е усогласен со Директивата 2014/59/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за воспоставување на рамка за обновување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми и за изменување на Директива 82/891/ЕЕЗ, и Директиви 2001/24/ЕС, 2002/47/ЕЗ, 2004/25/ЕЗ, 2005/56/ЕЗ, 2007/36/ЕЗ, 2011/35/ЕУ, 2012/30/ЕУ и 2013/36/ЕУ, и Регулативи (ЕУ) бр. 1093/2010 и (ЕУ) бр. 648/2012, на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр.32014L0059). Со членот 90 од Законот за решавање банки е уредено дека истиот ќе започне да се применува во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила, односно ќе започне да се применува од 13 октомври 2025 година. Од причина што е потребен дополнителен рок за започнување со практична примена на законот, потребно е да се одложи неговата примена, односно истиот да се применува од 30 јуни 2026 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основната цел на предложените измени е одложување на рокот за започнување со примена на законот.

Предлогот на закон се заснова врз истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Законот не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на предложените измени на Законот не повлекува обезбедување на дополнителни финансиски средства и материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКИ

Член 1

Во Законот за решавање банки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.209/23) во членот 90 зборовите „во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите „од 30 јуни 2026 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот на законот се прават измени во членот 90 со кој се уредува дека Законот за решавање банки ќе започне да се применува од 30 јуни 2026 година.

Со членот 2 од Предлогот на законот се уредува влегувањето во сила на Предлогот на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и постои нивна поврзаност со одредбите од Законот и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат усогласени одредби од Законот.

# ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКИ (*) КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 90

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.